# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ" излегува по потреба. Рок за рекламации 15 дена. Огласи според тарифата.

Сабота, 22 јануари 1983
Скопје
Број 1 Год. XXXIX

Претплатата за 1983 година изнесува 1.200 динари. Овој број чини 30 дин. Жиро сметка 40100-603-12498

**1.**

Врз основа на член 393, став 4 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, а во врска со член 3 од Одлуката за издвојување на дел од средствата од малопродажната цена на моторниот бензин и плинското масло на посебна сметка („Службен весник на СРМ" број 32/82 и 41/82), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ИЗДВОЕНИТЕ СРЕДСТВА НА ПОСЕБНА СМЕТКА ЗА ПОВЛЕКУВАЊЕ НА СТРАНСКИ КРЕДИТИ

Член 1

Средствата издвоени на посебна сметка, согласно со член 2 од Одлуката за издвојување на дел од средствата од малопродажната цена на моторниот бензин и плинското масло на посебна сметка ќе се користат за повлекување на странски кредити од Меѓународната банка за обнова и развој, а за развој на патиштата во СР Македонија.

Член 2

Средствата од член 1 се даваат без обврска за враќање.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за користење на издвоените средства на посебна сметка за повлекување на странски кредити („Службен весник на СРМ" број 41/82).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 23-2617/1
30. XII. 1982 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

---

**2.**

Врз основа на член 39 од Законот за системот на финансирање на општините и Републиката („Службен весник на СРМ", бр. 44/77) и член 8 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1982 година („Службен весник на СРМ", број 42/81), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА НАМЕНАТА НА СРЕДСТВАТА ЗА ПОСЕБНИ НАМЕНИ УТВРДЕНИ СО РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1982 ГОДИНА

Член 1

Во Републичкиот буџет за 1982 година („Службен весник на СРМ", бр. 42/81), се вршат следниве измени на средствата за посебни намени и тоа:

1. Во Раздел 10 — Републички секретаријат за финансии, позиција 120 — Тековна буџетска резерва износот „91.904.000", се заменува со износот „94.204.000";

2. Раздел 20 — Републички комитет за здравство и социјална политика, позиција 222 — Средства за реализација на Законот за заштита на семејствата чиј хранител е на задолжителна воена служба, износот „20.000.000", се заменува со износот „19.000.000"; и

3. Раздел 33 — Републичка геодетска управа, позиција 321 — Геодетски ситуации за урбанизација на селските населби, износот „3.600.000", се заменува со износот „2.300.000".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 23-2578/1
30. XII. 1982 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

---

**3.**

Врз основа на член 16 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1982 година („Службен весник на СРМ", број 42/81), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

### ОДЛУКА
### ЗА КОМПЕНЗАЦИЈА НА ЦЕНАТА НА УСЛУГИТЕ ВО ЕЗЕРСКИОТ СООБРАЌАЈ

1. Компензацијата на цената на услугите во езерскиот сообраќај за 1982 година се утврдува во износ од 7.000.000 динари и тоа:

— на Работната организација „Паластурист" — Охрид 4.000.000 динари

— на Работната организација „Рибопреспа" — Ресен 3.000.000 динари

2. Компензацијата од точка 1 на оваа одлука ќе се исплатува од средствата предвидени во Републичкиот буџет за 1982 година (Раздел 69, позиција 607).

Средствата од став 1 на оваа точка се даваат без обврска на враќање.

3. Републичкиот секретаријат за финансии ќе ја спроведе оваа одлука.

4. Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на СР Македонија".

Број 23-2600/1
30. XII. 1982 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

4.

Врз основа на член 16 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1982 година („Службен весник на СРМ", број 42/81), а во врска со член 5 и 7 од Општествениот договор за заедничка политика и решавање на материјалната положба и развој на дневните информативно-политички весници во СР Македонија („Службен весник на СРМ", број 43/81), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КОМПЕНЗАЦИЈА НА РАЗЛИКАТА ВО ЦЕНАТА НА ДНЕВНИТЕ ИНФОРМАТИВНО-ПОЛИТИЧКИ ВЕСНИЦИ ЗА 1982 ГОДИНА

1.Во Одлуката за компензација на разликата во цената на дневните информативно-политички весници за 1982 година („Службен весник на СРМ", број 19/82), во точка 2 износот „8,88" се заменува со износот „9,65", износот „47,57" се заменува со износот „50,06", износот „66,41" се заменува со износот „69,51" и износот „2,34" се заменува со износот „2,66".

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1 јули 1982 година.

Број 23-2582/1
30. XII. 1982 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

5.

Врз основа на член 16 од Законот за извршување на Републичкиот буџет за 1983 година, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕМИЈА ЗА КРАВЈО И ОВЧО МЛЕКО

1. Важноста на Одлуката за премија за кравјо и овчо млеко во 1981 година („Службен весник на СРМ" број 45/80, 22/81, 43/81 и 14/82) продолжува до 31. III. 1983 година.

2. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија", а ќе се применува од 1. I. 1983 година.

Број 23-2616/1
30. XII. 1982 година
Скопје

Претседател
на Извршниот совет,
**Драгољуб Ставрев,** с. р.

6.

Врз основа на член 45, став 2 од Законот за системот на финансирањето на општините и на Републиката („Службен весник на СРМ", број 44/77), Извршниот совет на Собранието на СР Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИЧКИОТ СЕКРЕТАР ЗА ФИНАНСИИ ДА ОДОБРУВА КОРИСТЕЊЕ НА СРЕДСТВА ОД ТЕКОВНАТА БУЏЕТСКА РЕЗЕРВА НА РЕПУБЛИЧКИОТ БУЏЕТ ЗА 1983 ГОДИНА

1. Се овластува републичкиот секретар за финансии да може да одобрува користење на средства од тековната буџетска резерва на Републичкиот буџет за 1983 година, кое по одделни барања не го надминува износот од 100.000 динари.

2. За користењето на средствата од точка 1 на ова решение, републичкиот секретар за финансии му поднесува повремени извештаи на Извршниот совет на Собранието на СР Македонија.

3. Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Социјалистичка Република Македонија".

Број 23-107/1
13. I. 1983 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Тахир Кадриу,** с. р.

7.

Врз основа на член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за здравство („Службен весник на СРМ" број 29/73), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА СПЕЦИЈАЛНАТА БОЛНИЦА ЗА БЕЛОДРОБНА ТУБЕРКУЛОЗА „ЈАСЕНОВО" — ЈАСЕНОВО

Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија е согласен со Одлуката на Работничкиот совет на Специјалната болница за белодробна туберкулоза „Јасеново" — Јасеново, со која за вршител на должноста директор на болницата е именуван д-р Душан Сандевски, шеф на болничко одделение во Болницата.

Број 17-35/1
30. XII. 1982 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Кочо Тулевски,** с. р.

8.

Врз основа на член 171 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКАТА УПРАВА ЗА ИМОТНО-ПРАВНИ РАБОТИ

Се разрешува од должност директор на Републичката управа за имотно-правни работи Страшко Кралевски, на 31. XII. 1982 година, поради исполнување на услови за пензија.

Број 17-2573/1
23. XII. 1982 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Стојан Андов,** с. р.

9.

Врз основа на член 171 од Законот за државната управа („Службен весник на СРМ" бр. 45/80), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКАТА УПРАВА ЗА ИМОТНО-ПРАВНИ РАБОТИ

За директор на Републичката управа за имотно-правни работи се именува Нестор Несторовски, советник на републичкиот секретар за финансии, сметано од 1. I. 1983 година.

Број 17-2574/1
23. XII. 1982 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Стојан Андов,** с. р.

**10.**

Врз основа на член 59 став 3 од Законот за заштита на спомениците на културата („Службен весник на СРМ“ бр. 24/73), Извршниот совет на Собранието на Социјалистичка Република Македонија донесе

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ИМЕНУВАЊЕ ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА ДИРЕКТОР НА РЕПУБЛИЧКИОТ ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА

За вршител на должноста директор на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата се именува д-р Антоние Николовски, помошник директор на Заводот.

Број 17-2560/1
23. XII. 1982 година
Скопје

Потпретседател
на Извршниот совет,
**Стојан Андов,** с. р.

**11.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 433 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по јавната расправа одржана на 17 ноември 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УТВРДУВА дека член 10 под „Б“ од Правилникот за решавање на станбените прашања, донесен од работниците во Основната организација на здружениот труд „Телевизија“, во состав на Работната организација „Радио-телевизија Скопје“ во Скопје со референдум одржан на 30 јуни 1978 година, во делот кој се однесува на стручни кадри од посебно значење за основната организација, како подоснов на основот значење на работите односно работните задачи и во кој е предвидено овие кадри да ги утврдува работничкиот совет на основната организација на предлог од програмскиот и деловниот колегиум на ТВ по распишување на конкурсите за доделување стан на користење и на кредити за станбена изградба, во време на важењето на правилникот, НЕ БИЛ ВО СОГЛАСНОСТ со Уставот и со законот.

Оваа одлука во поглед на поединечните акти има, согласно член 434 од Уставот на СР Македонија и член 14 став 2 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, исто правно дејство како и одлуката на Судот со која се укинува самоуправен општ акт.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Основната организација на здружениот труд „Телевизија“ во Скопје на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Скопје му поднесе на Уставниот суд на Македонија предлог за оценување уставноста и законитоста на член 10 под „Б“ од правилникот означен во точката 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот, означената одредба на правилникот била противуставна и незаконита затоа што, предвидувајќи го подосновот стручни кадри од посебно значење за основната организација, не утврдила основи за тоа кои работници ќе се сметаат за такви кадри, туку предвидела тоа да го определи работничкиот совет на основната организација на предлог од програмскиот и деловниот колегиум на ТВ по распишување на конкурсите за распределување на станови и кредити.

4. На јавната расправа Судот утврди дека работниците на основната организација на здружениот труд „Телевизија“ на референдум одржан на 23 ноември 1981 година донеле Правилник за решавање на станбените потреби, со чие донесување престанала важноста на оспорениот правилник.

Според член 419 став 2 од Уставот на СР Македонија, Уставниот суд на Македонија може да ја оценува уставноста и законитоста на самоуправните општи акти што престанале да важат, ако од престанокот на важењето до поведувањето на постапката не поминало повеќе од една година. Со оглед на тоа што од престанокот на важењето на оспорениот правилник (23 ноември 1981 година) до поведувањето на постапката (24 јуни 1982 година) не поминало повеќе од една година, Судот утврди дека постои правна можност за оценување уставноста и законитоста на член 10 под „Б“ од оспорениот правилник.

На јавната расправа Судот исто така утврди дека наводите во предлогот се точни.

Според член 42 од Законот за станбените односи („Службен весник на СРМ“ бр. 36/73) работниците во основните организации на здружениот труд се должни со самоуправен општ акт однапред да ги утврдат основите и мерилата според кои ќе се утврдува редот на првенство за распределба на станови.

Судот смета дека самоуправниот општ акт со кој се утврдуваат основите и мерилата за определување редот на првенството за распределба на станови треба да содржи и основи и мерила за распределба на станови за стручните кадри од посебно значење на основната организација. Притоа, со овој акт треба да бидат определени работите односно работните задачи кои се од посебно значење за основната организација, како и да се утврдат критериумите за определување бројот на становите односно износот на средствата за решавање на станбените потреби на овие кадри.

Со оглед на тоа што во член 10 под „Б“ на оспорениот правилник, па и во правилникот во целост, не се содржани работите односно работните задачи од посебно значење за основната организација, ниту се утврдени критериуми за определување редот на првенството за распределба на станови односно станбени кредити наменети за стручните кадри од посебно значење за основната организација, Судот оцени дека оваа одредба на правилникот, во време на неговата важност, не била во согласност со членот 42 од Законот за станбените односи.

5. На јавната расправа Судот утврди дека и во член 18 од Правилникот за решавање на станбените потреби од 23 ноември 1981 година прашањето на стручните кадри од посебно значење за основната организација е уредено на истиот начин како и во оспорениот правилник, поради што по сопствена иницијатива покрена постапка за оценување на неговата законитост.

На основа изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 118/82
17 ноември 1982 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски,** с. р.

**12.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 433 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по одржаната јавна расправа на седницата од 25 ноември 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 72 од Статутот на Основната организација на здружениот труд Графичка индустрија „Илинден“, во состав на Работната

организација „Макпромет“ во Штип, донесен од работниците во основната организација со референдум одржан на 26 декември 1981 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во основната организација на здружениот труд „Илинден“ во Штип на начин предвиден за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Штип му поднесе на Уставниот суд на Македонија предлог за оценување уставноста и законитоста на член 72 од статутот означен во точката 1 на оваа одлука. Според наводите во предлогот, оваа одредба на статутот била противуставна и незаконита затоа што, како посебен услов за именување на индивидуален работоводен орган на основната организација, предвидувала определено работно искуство во графичката индустрија на работи и работни задачи со посебни овластувања и одговорности, со што се стеснува кругот на заинтересираните лица, бидејќи за индивидуален работоводен орган не може да биде именувано лице кое нема определено работно искуство на вакви работи и работни задачи.

4. На јавната расправа Судот утврди дека со член 72 од оспорениот статут се определени условите за именување на индивидуален работоводен орган на основната организација на здружениот труд. Така, со оваа одредба е предвидена можноста индивидуален работоводен орган на основната организација на здружениот труд да биде лице кое, покрај општите, ги исполнува и следните посебни услови: а) висока стручна подготовка-економски, правен или графички факултет, со три години работно искуство во графичката индустрија на работи и работни задачи со посебни овластувања; б) виша стручна подготовка-графичка, економска или правна насока со четири години работно искуство во графичката индустрија на работи и работни задачи со посебни овластувања; и в) средна стручна подготовка-графичка или економска насока на работи и работни задачи со посебни „квалитети“.

Во дел II став 3 алинеја 9 од Основните начела на Уставот на СР Македонија е предвидено дека неприкосновената основа на положбата и улогата на човекот ја сочинува, меѓу другото, и еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на луѓето, во согласност со уставноста и законитоста. Со член 210 став 3 од Уставот на СР Македонија е предвидено дека на секој граѓанин под еднакви услови му се достапни секое работно место и функција во општеството. Според член 167 од Законот за здружениот труд, пак, секој може слободно, рамноправно и под еднакви услови, на начинот утврден со закон и со самоуправниот општ акт да заснова работен однос со работниците во основната организација. Од друга страна, со член 168 став 1 од овој закон е предвидена можност работен однос да заснове секој што ги исполнува условите што работниците во основната организација ги утврдиле според потребите на процесот на трудот, условите на трудот, работите и работните задачи во таа организација, во согласност со самоуправниот општ акт и со законот. Со член 179 став 3 на истиот закон е пропишана обврска работниците во основната организација на здружениот труд со самоуправен општ акт со кој се уредува работниот однос да ги уредат работите односно работните задачи при чие вршење работниците имаат посебни овластувања и одговорности. Најпосле, со член 7 став 1 од Законот за работните односи („Службен весник на СРМ“ бр. 45/77) е предвидена можност работниците во основната организација да го утврдат и работното искуство како посебен услов за засновање на работен однос за определени работи односно работни задачи.

Судот смета дека работниците во основната организација на здружениот труд, покрај другите посебни услови за засновање на работен однос, можат да предвидат и определено работно искуство во дејноста што ја врши основната организација. Такво искуство тие можат да предвидат и за работниците со посебни овластувања и одговорности, но само за оние чии работи и работни задачи непосредно се поврзани со графичката дејност на основната организација (технички кадри од графичка струка), а не и за оние чии работи и работни задачи не се непосредно поврзани со дејноста на основната организација (дипломирани економисти, дипломирани правници и друго). Предвидувањето на ваков посебен услов и за оние работници со посебни овластувања и одговорности кои не се технички кадри од графичка струка во основната организација, според оценката на Судот, ги стеснува условите за вработување и оневозможува вработување во оваа основна организација на работниците што ги исполнуваат другите услови, со што се создава нееднаквост меѓу граѓаните во остварувањето на нивните права.

Со оглед на тоа што со член 72 од оспорениот статут е предвиден посебен услов за именување на индивидуален работоводен орган на основната организација на здружениот труд „Илинден“ во Штип и за оние работници со посебни овластувања и одговорности кои не се технички кадри од графичка струка, Судот оцени дека оваа одредба на статутот не е во согласност со уставното начело на еднаквоста на граѓаните во нивните права, утврдено во дел II, став 3 алинеја 9 на Основните начела и со член 210 став 3 од Уставот на СР Македонија односно дека е во спротивност со членови-е 167 и 168 став 1 од Законот за здружениот труд.

На основа изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 123/82
25 ноември 1982 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски,** с. р.

---

**13.**

Уставниот суд на Македонија, врз основа на член 433 од Уставот на СР Македонија и член 20 од Законот за основите на постапката пред Уставниот суд на Македонија и за правното дејство на неговите одлуки, по јавната расправа одржана на 10 ноември 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

1. СЕ УКИНУВА член 17 став 1 точка 2, 4 и 5 од Правилникот за основите и мерилата за начинот на користење на средствата за решавање на станбените прашања на работниците во Основната организација на здружениот труд „Комунална хигиена“ во Работната организација „Комуналец“ во Скопје, донесен со референдум на 16 март 1979 година.

2. Оваа одлука ќе се објави во „Службен весник на СРМ“ и во Основната организација на здружениот труд „Комунална хигиена“ во Работната организација „Комуналец“ во Скопје, на начин определен за објавување на самоуправните општи акти.

3. Основниот суд на здружениот труд во Скопје поднесе предлог за оценување уставноста и законитоста на член 17 став 1 точка 2, 4 и 5 од Правилникот означен во точка 1 од ова решение. Според наводите во предлогот, во член 17 став 1 точка 2 од Правилникот како еден од основите за утврдување редот на првенство за доделување на стан е предвидена должината на работниот стаж, така што за секоја навршена година работен стаж остварен во СФРЈ на работникот му припаѓаат по два бода, а за секоја навршена година работен стаж во основната организација или работната организација „Комуналец“ на работникот му се до-

дава уште по 1 бод. Понатаму, во предлогот се оспорува член 17 став 1 точка 4 од Правилникот затоа што стручната подготовка на работникот се вреднува различно и одделно од основот сложеност на работите и работните задачи.

Исто така, во предлогот се оспорува член 17 став 1 точка 5 од истиот Правилник затоа што како основ за утврдување редот на првенството во распределбата на станови е предвидено времетраењето на живеење во Скопје.

4. Судот на јавната расправа утврди дека во означениот Правилник како основи за распределбата на станови за користење на станбени кредити се предвидени, покрај другото, должината на работниот стаж, стручната спрема на работникот и жителството на град Скопје односно општината на град Скопје. Овие основи се разработени и се определени мерила по секој од нив, на начинот изложен во предлогот на Основниот суд на здружениот труд во Скопје.

Согласно начелото на еднаквост утврдено во дел II, став 2, алинеја 9 од Уставот на СР Македонија, непосредно основната основа на положбата и улогата на човекот ја сочинуваат, покрај другото, и еднаквоста во правата, должностите и одговорностите на луѓето во согласност со уставноста и законитоста. Ова начело го изразува и член 2, алинеја 3 од Законот за здружениот труд пропишувајќи дека основа за остварување правата, обврските и одговорностите на работникот во здружениот труд е оствареното право на работа со средства во општествена сопственост. Работејќи и создавајќи доход со овие средства работникот стекнува и работен стаж кој има општествен карактер без оглед на тоа во која организација на здружениот труд е остварен.

Од наведеното уставно начело и означената законска одредба произлегува дека со различното вреднување на работниот стаж стекнат во и вон работната организација како еден од критериумите за распределба на становите, се врши неоправдано привилегирање на работниците кои работниот стаж го стекнале во основната организација односно во работната заедница, во однос на оние што дел од работниот стаж го стекнале вон таа организација. Поаѓајќи од ова, а особено имајќи го предвид општествениот карактер на доходот како елемент на зголемувањето на материјалната основа на социјалистичкото општество, Судот утврди дека различното вреднување на работниот стаж стекнат во друга организација, не е во согласност со уставното начело на еднаквост на граѓаните во нивните права и должности.

Судот исто така, утврди дека стручната спрема како самостоен основ одделен од сложеноста на работите и работните задачи, утврдена во член 17 став 1 точка 4 од оспорениот Правилник како основ за доделување на стан, не е во согласност со уставното начело на распределба според трудот и начелото на солидарност, кое особено доаѓа до примена при користењето на средствата за заедничка потрошувачка и правото на работникот да добие на користење стан во општествена сопственост, првенствено по примарните основи (станбена состојба, број на членовите на семејното домаќинство, придонес во работата). Работниците можат, покрај социјално-економските, да предвидат и такви критериуми кои го изразуваат придонесот на работникот во стекнувањето на доходот на основната организација односно кои се сврзани со работите и работните задачи што се извршуваат во основната организација, како што е стручната подготовка. Меѓутоа, во овој случај стручната подготовка е предвидена како самостоен основ за добивање стан на користење, а не во склопот на сложеноста на работите и работните задачи, што Судот оцени дека не е во согласност со Уставот и законот.

Според член 173 од Законот за здружениот труд, работникот се стекнува со сите права кои произлегуваат од работниот однос, меѓу кои и со правото на добивање стан, од моментот на заснивањето на работниот однос. Поради тоа Судот утврди дека основот од член 17, став 1, точка 5 од оспорениот правилник, според кој времетраењето на живеење во Скопје е предвидено како основ за утврдување приоритет за добивање на користење стан во општествена сопственост односно станбен кредит, не е во согласност со уставното начело за еднаквоста на правата, должностите и одговорностите на работниците по основ на нивното работење со средствата за производство во општествена сопственост, без оглед на местото на живеењето.

Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 на оваа одлука.

У. бр. 142/82
10 ноември 1982 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Македонија,
**Гога Николовски**, с. р.

## ОПШТИ АКТИ НА САМОУПРАВНИТЕ ИНТЕРЕСНИ ЗАЕДНИЦИ

ЗАЕДНИЦА ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА — ВАЛАНДОВО

**1.**

Врз основа на член 50 и 51 од Статутот на Самоуправната интересна заедница за противпожарна заштита на општината Валандово, Собранието на Самоуправната интересна заедница за противпожарна заштита, на седницата одржана на 17. XI. 1982 година, донесе

### ОДЛУКА
### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ СТАПКИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА САМОУПРАВНАТА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА НА ОПШТИНАТА ВАЛАНДОВО ЗА 1983 ГОДИНА

Член 1

Се донесуваат стапки за финансирање на Самоуправната интересна заедница за противпожарна заштита на општината Валандово и тоа:

1. од личен доход за вршење на земјоделска дејност на подрачјето на општината Валандово, по стапка од 0,10%;

2. од личен доход за вршење на стопански и нестопански дејности — занаетчиска дејност, по стапка од 10%;

3. од доходот на основните организации на здружен труд од областа на стопанството, по стапка од 0,30%;

4. од бруто личните доходи на организациите на здружен труд од областа на нестопанството, по стапка од 0,35%;

5. од бруто личните доходи на вработените чии седишта на организации се надвор од општината Валандово, по стапка од 0,35%;

Член 2

Приходите од членот 1 точка 1 и 2 ќе ги наплатува Управата за приходи при Собранието на општината Валандово според предвидените стапки.

Приходите од членот 1 точка 3 на оваа одлука ќе ги исплатуваат организациите на здружен труд од областа на стопанството при предавање на периодичните односно завршните сметки.

Приходите од членот 1 точките 4 и 5 на оваа одлука ќе ги исплатуваат организациите на здружен труд од областа на нестопанството при подигањето на личните доходи за исплата на своите работници.

Член 3

Уплата ќе се врши во полза на жиро-сметка бр. 41300-843-031-1791 — Самоуправна интересна заедница за противпожарна заштита на општината Валандово.

Член 4

Одлуката за донесување на стапките за финансирање на Самоуправната интересна заедница за противпожарна заштита на општината Валандово ќе се објави во „Службен весник на СРМ".

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1. I. 1983 година.

Бр. 120/1
17 ноември 1982 година
Валандово

Претседател,
**Гетов Костадин,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ВРАБОТУВАЊЕТО — ДЕБАР

**2.**

Врз основа на член 2 од Законот за начинот на располагањето со вишоците на приходите на буџетите на општествено-политичките заедници и вишоците на приходите на самоуправните интересни заедници, како и член 13 став 1 од Статутот на Општинската заедница на вработувањето — Дебар, Собранието на Заедницата, на седницата одржана на 24. XII. 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕС ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 1982 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се ослободуваат од плаќање на придонес за вработување кој се плаќа од личниот доход за месец декември 1982 година сите корисници на општествените средства на подрачјето на општината Дебар.

Член 2

Ослободувањето од плаќање на придонес за вработување се однесува само за месец декември 1982 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила веднаш, а ќе биде објавена во „Службен весник на СРМ".

Бр. 05-238
24 декември 1982 година
Дебар

Претседател,
**Халил Мурати,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КИЧЕВО

**3.**

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74 и 9/78) и член 199 став 1 точка 6 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево („Службен весник на СРМ" бр. 42/78), Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на седницата на Соборот на делегатите корисници на услугите — работници и Соборот на делегатите — даватели на услугите, одржана на 23. XII. 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1983 ГОДИНА

Член 1

Стапката на придонесот за здравствено осигурување на работниците на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево се утврдува во висина од 7% од бруто личниот доход на работниците, во која се содржи:

— стапка на придонесот за обезбедување на задолжителните видови на здравствена заштита од 3,4% и

— стапка на придонесот за обезбедување на правата од здравственото осигурување што самостојно ги утврдува Заедницата од 3,6%.

Член 2

За обврзниците на придонесот за здравствено осигурување од член 24 точка 5 и 6 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување за кои, според член 25 став 1 алинеја 4 и 6 од истиот закон, основицата е определена во нето лични примања, стапката на придонесот за здравствено осигурување се утврдува во висина од 10,786% од нето основицата.

Член 3

Стапката на придонесот за здравствено осигурување во случај на несреќа при работа и заболување од професионални болести се утврдува во висина од 2% од определената основица.

Основица за пресметување на придонесот од претходниот став на овој член изнесува:

1. за обврзниците на придонесот кои според Одлуката за единствена класификација на дејностите се распоредени во областите од 01 до 11 — остварениот доход;

2. за обврзниците на придонесот кои според Одлуката за единствена класификација на дејностите се распоредени во областите од 12 до 14 — бруто личниот доход.

Член 4

Вкупно реализираните придонеси по оваа одлука се распоредуваат по следната структура:

— за Регионалната самоуправна интересна заедница за здравствената заштита — Битола, 4,0%;

— за Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување Кичево, 96,0%.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1983 година.

Бр. 02-4915/3
23 декември 1982 година
Кичево

Претседател,
**Љупче Стефановски,** с. р.

**4.**

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 4/74 и 9/78) и член 200 став 1 точка 5 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево („Службен весник на СРМ“ бр. 42/78), Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, на седницата на Соборот на делегатите на корисниците на услуги — земјоделци и Соборот на делегатите — даватели на услуги, одржана на 23. XII. 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ ВАЖНОСТА НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1982 ГОДИНА И ВО 1983 ГОДИНА

Член 1

Се продолжува важноста на Одлуката за висината на стапката на придонесот за здравствено осигурување на земјоделците за 1982 година, бр. 02-5245/10 од 25 декември 1981 година („Службен весник на СРМ“ бр. 43/81) и во 1983 година.

Член 2

Вкупно реализираните придонеси по оваа одлука се распоредуваат по следната структура:

— за Регионалната самоуправна интересна заедница за здравствена заштита — Битола, 7%;

— за Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кичево, 93%.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1 јануари 1983 година.

Бр. 02-4915/4
23 декември 1982 година
Кичево

Претседател,
**Љупче Стефановски**, с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — КРАТОВО

**5.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6 и член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74, 9/78 и 43/78) и член 156 став 1 точка 1 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, на седницата на Соборот на делегатите корисници на услуги — работници и Соборот на делегатите — даватели на услуги, одржана на 20. XII 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ПРИВРЕМЕНА ИЗМЕНА НА СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА МЕСЕЦ ДЕКЕМВРИ 1982 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонесите за здравствено осигурување на работниците за месец декември 1982 година се определуваат во висина од 6% од бруто личниот доход на работниците, во која се содржани:

— стапка на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита од 2,15%,

— стапка на придонесот за правата од здравствено осигурување што самостојно ги утврдува Заедницата од 3,85%.

Член 2

Посебниот придонес за здравственото осигурување во случај на несреќа на работа и заболување од професионална болест се плаќа по стапка од 0,5% од доходот на ОЗТ од стопанството односно личниот доход од нестопанството.

Член 3

Придонесот за проширена репродукција во здравството се плаќа по стапка од 2% од бруто личниот доход и служи за развој на здравството во општината.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува само за месец декември 1982 година.

Бр. 4296/1
20 декември 1982 година
Кратово

Претседател,
**Атанас Стојмановски**, с. р.

**6.**

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 6 и член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ“ бр. 5/74, 9/78 и 43/78) и член 156 став 1 точка 1 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, на седницата на Соборот на делегатите корисници на услуги — работници и Соборот на делегатите — даватели на услуги, одржана на 20. XII. 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1983 ГОДИНА

Член 1

Стапките на придонесите за здравствено осигурување на работниците за 1983 година се определуваат во висина од 7,5% од бруто личниот доход на работниците во која се содржани:

— стапка на придонесот за задолжителни видови на здравствена заштита од 3%;

— стапка на придонесот за правата од здравствено осигурување што самостојно ги утврдува Заедницата од 4,5%.

Член 2

Посебниот придонес за здравствено осигурување во случај на несреќа на работа и заболување од професионални болести се плаќа по стапка од 0,5% од доходот на ОЗТ од стопанството односно личниот доход од нестопанството.

Член 3

Придонесот за проширена репродукција во здравството се плаќа по стапка од 0,5% од бруто личниот доход и служи за развој на здравството во општината.

Член 4

Посебниот придонес за користење на здравствена заштита за работници испратени во странство од страна на ОЗТ се плаќа по стапка од 20% од утврдена основица.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“, а ќе се применува од 1. I. 1983 година.

Бр. 4294/1
20 декември 1982 година
Кратово

Претседател,
**Атанас Стојмановски**, с. р.

**7.**

Врз основа на член 9 став 1 и член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" број 5/74) и член 25 став 1 точка 4 во врска со член 26 став 2 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, Собранието на Заедницата, на седницата на Соборот на делегатите земјоделци — корисници на услуги и Соборот на делегатите даватели на услуги, одржана на 20. XII. 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СТАПКАТА И ИЗНОСИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1983 ГОДИНА

Член 1

За 1983 година земјоделските осигуреници се обврзани да плаќаат годишно:

— 8% од катастарскиот приход;

— осигуреници-земјоделци кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделска дејност — 500 динари по домаќинство.

Член 2

Средствата што се обезбедуваат по овие наведени основи служат за финансирање на здравствената заштита на осигурените лица по основ на земјоделско осигурување.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1983 година.

Бр. 4295/1
20 декември 1982 година
Кратово

Претседател,
**Атанас Стојмановски,** с. р.

**8.**

Врз основа на член 26 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" број 5/74) и член 25 став 1 точка 5 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, на заедничката седница на Соборот на делегатите — корисници на услугите и Соборот на делегатите работници — даватели на услугите, на седницата одржана на 20. XII. 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ ИЗНОСИ НА ПРИДОНЕСИТЕ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ОДДЕЛНИ КАТЕГОРИИ ЛИЦА

Член 1

Со оваа одлука се определуваат постојните износи на придонесите за здравствено осигурување на поодделни категории лица кои се во работен однос, односно вон работен однос, а се осигурени според прописите за здравствено осигурување.

Член 2

Придонесите за здравствено осигурување во постојани месечни износи за одделни категории осигуреници кои се вон работен однос, се плаќаат и тоа:

1. за лица на доброволна и задолжителна практична обука (волонтери) што не примаат личен доход ако работат со полно работно време, во износ од 216,00 динари;

2. за ученици во училишта за занимање во кои покрај училишната се утврдува и практична настава, во износ од 84,00 дин.;

3. за уживатели на постојана државна помош дадена од страна на бившите президиуми на народните собранија или од страна на Извршниот совет, во износ од 216,00 динари;

4. за иселеници-повратници додека се редовно пријавени кај надлежната заедница за вработување, во износ од 216,00 динари;

5. за носители на Илинденска споменица кои не уживаат илинденска пензија, во износ од 144,00 динари;

6. за лица привремено невработени, а редовно се пријавуваат во надлежната заедница за вработување и имаат право на здравствена заштита без оглед на тоа дали примаат материјално обезбедување или не, во износ од 144,00 динари;

7. за странски државјани во служба на меѓународни организации и установи, странски и конзуларни претставништва или во лична служба на странски државјани кои уживаат дипломатски имунитет, до колку се здравствено осигурени според меѓународен договор, колективен договор или доброволно здравствено осигурени, во износ од 864,00 динари;

8. за југословенски државјани кои согласно со постојните прописи се упатени во странство заради учење, односно здобивање со практика, во износ од 216,00 динари;

9. за лица странски државјани за време на школување, стручно усовршување или постдипломски студии во Југославија кои поради тоа го прекинале работниот однос, ако за тоа време примаат стипендија во износ од 216,00 динари;

10. за лица кои организацијата пред заснования на работниот однос ги упати како свои стипендисти на практична работа во други организации заради стручно оспособување или усовршување, во износ од 216,00 динари;

11. за брачни другари односно родители осигурени по член 21 од Законот за здравствено осигурување и задолжителни видови на здравствена заштита на населението, во износ од 360,00 динари;

12. за ученици во стручните училишта и гимназиите и студентите на вишите и високите школи, факултети и уметнички академии кога вршат практична работа во врска со наставата, во износ од 80,00 динари;

13. за лицата кои учествуваат на младински работни акции, во износ од 80,00 динари;

14. за лица кои учествуваат во организирани јавни работи ако на тие работи работат најмалку 6 часа, во износ од 80,00 динари;

15. за лица на работа кои учествуваат во организирани јавни младински акции, во износ од 80,00 динари;

16. за лица што ќе претрпат повреди како учесници во јавни акции или во вршење на определени јавни функции или должности, во износ од 80,00 динари;

17. за лица што се наоѓаат на предвојничка обука и логорување, во износ од 80,00 динари;

18. за лица кои се наоѓаат на стручно усовршување или преквалификација што ги организира СИЗ за вработување, во износ од 216,00 динари;

19. за лица кои се на извршување задачи на територијалната одбрана или на цивилната заштита, во износ од 80,00 динари;

20. за членови на семејството на југословенските државјани кои се вработиле во странски земји со кои Југославија нема склучено спогодба

за здравствено осигурување, а се осигурени кај странските носители на осигурување, во износ од 300,00 динари.

Член 3

Придонесите за лицата опфатени вон точка 6 и 7 од оваа одлука се пресметуваат и плаќаат месечно наназад.

Доколку придонесот се утврдува за време пократко од еден месец, за секој календарски ден во соодветниот период се плаќа по 1/3 од определениот месечен износ на придонесот.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1983 година.

Бр. 4293/1
20 декември 1982 година
Кратово

Претседател,
**Атанас Стојановски,** с. р.

**9.**

Врз основа на член 25 став 3 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" број 5/74) и член 25 став 1 точка 5 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, на седницата на Соборот на делегатите работници — даватели на услуги и Соборот на делегатите работници — корисници на услуги, одржана на 20. XII. 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦАТА ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕТО И ПЛАЌАЊЕТО НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЛИЦА ВРАБОТЕНИ КАЈ ПРИВАТНИ РАБОТОДАВЦИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат основиците за пресметување и плаќање на придонесите за здравствено осигурување на лица вработени кај приватни работодавци за кои со Законот за здравствено осигурување и задолжителни видови на здравствена заштита на населението е утврдена основица за придонес.

Член 2

За лица вработени кај приватни работодавци, основица за пресметување и плаќање на придонесот за здравствено осигурување претставува личниот доход договорен меѓу работодавецот и работникот но не помалку од следните износи:

| | |
|---|---|
| — за неквалификувани работници | 4.900, |
| — за полуквалификувани работници | 5.400, |
| — за квалификувани работници | 6.400, |
| — за висококвалификувани работници | 7.400, |
| — за домашни помошнички | 4.900. |

Член 3

За учениците од училиштата за средно образование кои покрај училишната изведуваат и практична настава во организацијата на здружен труд или кај приватен работодавец основица за остварување на право од здравствено осигурување претставува наградата што ја примаат. Оваа основица не може да биде помала од:

| | |
|---|---|
| — за ученици од прва година | 100,00 дин., |
| — за ученици од втора година | 140,00 дин., |
| — за ученици од трета година | 180,00 дин., |
| — за ученици од четврта година | 220,00 дин.. |

Член 4

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1983 година.

Бр. 4300/1
20 декември 1982 година
Кратово

Претседател,
**Атанас Стојановски,** с. р.

**10.**

Врз основа на член 42 став 1 точка 1 од Статутот на Заедницата на здравството и здравственото осигурување на работниците— Кратово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, на седницата одржана на 20. XII. 1982 година, донесе

## ОДЛУКА

### ЗА УЧЕСТВО НА ОСИГУРЕНИТЕ ЛИЦА ВО ТРОШОЦИТЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА ЗАШТИТА

Член 1

Заради порационално и поекономично користење на средствата наменети за здравствена заштита, со оваа одлука се определуваат видовите на здравствените услуги при чие користење осигурените лица на Заедницата задолжително учествуваат во поднесувањето на трошоците, како и висината на тоа учество.

Член 2

Оваа одлука се применува на осигурените лица на Заедницата кои се осигурени по одредбите на Статутот и Законот.

Осигурените лица од претходниот став не учествуваат во трошоците при користењето на здравствените услуги кои имаат карактер на задолжителни видови на здравствена заштита и здравствените услуги предизвикани со несреќа на работа и професионални заболувања предвидени со Законот и Статутот на Заедницата.

Член 3

Осигурените лица учествуваат во поднесувањето на трошоците за:

1. за сите издадени лекови по 20,00 дин., освен за лекови за чија примена е потребна непосредна интервенција од стручен здравствен работник и лекови чија вредност е помала од 20,00 динари;

2. здравствените услуги пружени со цел за естетска корекција на одделни органи или делови на телото, естетски операции на носот, ушните школки, лицето, дојките, операција на брадавица и слично — 50% од вкупната вредност, освен кога корекциите се потребни за премавнување функционални и психички пречки — психичка надградба и оштетувања предизвикани не по вина на осигуреникот.

За случаите кога треба да се ослободат од учество во трошоците по оваа точка треба да се прибави мислење од лекарска комисија на Заедницата;

3. здравствените услуги пружени со цел за хируршки корекции на вродените недостатоци и деформации или слични на нив, настанати пред здобивање на својство на осигурено лице — 30%;

4. сите здравствени услуги — абортуси за кои не постои апсолутна медицинска индикација 50%;

5. чевли со протези 40%;

6. ортопедски чевли:

| | |
|---|---|
| — до 200,00 динари вредност | 40%, |
| — до 250,00 динари вредност | 30%, |
| — преку 250,00 динари вредност | 25%; |

7. нараквици 30%;

8. сите видови гумени чорапи, освен неосигурените лица од женскиот пол кога носат протези на долните екстремитети 40%;

9. затеги, суспензориуми и појаси 30%;

10. корсети и мидери 30%;

11. ортопедски влошки 40%;

12. кожни капи 40%;

13. протези за горни и долни екстремитети (вештачки раце со дланка, функционални продолжетоци и непоставени кожни нараквици), како и протези на долните екстремитети (со навлака на поткинат дел), кога потребата за овие протези настанала пред здобивање својство на осигурено лице 20%;

14. очила 40%;

15. слушни помагала 20%;

16. привремени и имедијатни протези 50%;

17. заботехничка помош и забнопротетички средства 20%;

18. вештачка дојка 20%;

19. перика со одобрение на здравствена комисија 40%;

20. апарати за говор 20%;

21. за сите пружени здравствени услуги предизвикани во пијана состојба 100%;

22. за физикална терапија и рехабилитација, освен за кардиоваскуларните заболувања 100%.

Член 4

Како трошоци во смисла на оваа одлука се подразбираат: цените на лековите, услугите, помагалата и санитарните справи утврдени со договор меѓу Заедницата и здравствената работна организација односно Заедницата и работната организација која го испорачува помагалото и санитарните справи односно лекот.

Член 5

Осигурените лица го плаќаат утврдениот дел на учеството со оваа одлука на организацијата која ќе ја изврши односно која ќе го испорача лекот или помагалото и во случај кога таа организација не склучила договор со заедницата на осигуреното лице, а има регулирани договорни односи со подрачната заедница на здравственото осигурување.

Член 6

Осигурените лица не учествуваат во трошоците за поправка на помагалата кога на таква поправка имаат право согласно Правилникот.

Член 7

Член 2 став 2 не се однесува за член 3 став 1 точка 1.

Член 8

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. I. 1983 година.

Бр. 4303/1
20. декември 1982 година
Кратово

Претседател,
**Атанас Стојмановски,** с. р.

**11.**

Врз основа на член 13 став 1 точка 2 од Законот за здравственото осигурување и задолжителни видови на здравствена заштита („Службен весник на СРМ" бр. 21/71 и 24/74), член 24 точка 6 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување („Службен весник на СРМ" бр. 5/74) и член 156 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, на седницата на Соборот на делегатите работници-корисници на услуги и Соборот на делегатите работници — даватели на услуги, одржана на 20. XII. 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ВИСИНАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СЕМЕЈСТВАТА НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ДРЖАВЈАНИ ВРАБОТЕНИ ВО СТРАНСКИ ЗЕМЈИ СО КОИ НЕ СЕ СКЛУЧЕНИ СПОГОДБИ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Со оваа одлука се определува висината на придонесот за здравствено осигурување на членовите на семејствата на југословенските државјани вработени во странски земји со кои не се склучени спогодби за здравствено осигурување, а се осигурени кај странскиот носител на осигурување чии членови на потесното семејство постојано живеат на територијата на оваа заедница.

Член 2

Овој вид придонес за здравствено осигурување обврзниците-југословенски државјани го плаќаат во постојан месечен износ од 216,00 динари по еден член на семејството.

Член 3

Придонесот се плаќа однапред во полза на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Кратово, за здравствено осигурување на работниците.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 1 јануари 1983 година.

Бр. 4292/1
20. декември 1982 година
Кратово

Претседател,
**Атанас Стојмановски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА—КРИВА ПАЛАНКА

**12.**

Врз основа на член 7 од Законот за самоуправните интересни заедници на културата („Службен весник на СРМ" бр. 9/78), член 586 од Законот за здружениот труд, член 1 од Самоуправната спогодба за здружување на средства во Републичката заедница на културата и член 108 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница на културата — Крива Паланка, Собранието на ОСИЗ на културата — Крива Паланка, на седницата одржана на 24. XII. 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА НА КУЛТУРАТА И ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО РЕПУБЛИЧКАТА СИЗ НА КУЛТУРАТА ВО 1983 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите што ги плаќаат основните организации на здружениот труд од доходот и работните луѓе од личниот доход, заради обезбедување средства на Општинската СИЗ на културата и за здружување средства во Републичката СИЗ на културата.

Член 2

Во 1983 година се утврдуваат стапките на придонеси и тоа:

1. 0,86% — придонес од доходот на основните организации на здружен труд;
2. 0,70% — придонес од личен доход од работен однос;
3. 0,01% — придонес од личен доход од земјоделска дејност;
4. 1% — придонес од личен доход од самостојно вршење на професионална дејност и
5. 1% — придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност.

Член 3

Од утврдените стапки на придонеси во член 2 точка 1 и 2, Општинската СИЗ на културата издвојува:

— 0,36% од доходот на основните организации на здружен труд;
— 0,20% од личен доход од работен однос за здружување на средства во Републичката СИЗ на културата;
— 0,353% од доходот на основните организации на здружен труд и
— 0,30% од личен доход од работен однос

за изградба на новиот спомен дом на културата во Крива Паланка.

Вкупниот износ на средствата што Општинската СИЗ на културата — Крива Паланка ги здружува во Републичката СИЗ на културата и месечниот износ на средства ќе се утврдат со посебен договор.

Член 4

Пресметувањето и уплатата на здружените средства ќе ги врши Службата на општественото книговодство.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. I. 1983 година.

Бр. 08-96
24 декември 1982 година
Крива Паланка

Претседател,
**Ратка Граматикова,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА КРИВА ПАЛАНКА

**13.**

Врз основа на член 34 од Законот за физичката култура и самоуправните интересни заедници на физичката култура („Службен весник на СРМ" бр. 5/74), член 6 став 3 од Самоуправната спогодба за здружување на средства во Републичката СИЗ на физичката култура и член 21 точка 3 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница на физичката култура — Крива Паланка, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница на физичката култура — Крива Паланка на седницата одржана на 23. XII. 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ СТАПКИТЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ НА ОПШТИНСКАТА СИЗ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА И ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ СРЕДСТВА ВО РЕПУБЛИЧКАТА СИЗ НА ФИЗИЧКАТА КУЛТУРА ВО 1983 ГОДИНА

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат стапките на придонесите што ги плаќаат основните организации на здружениот труд од доходот и работните луѓе од личниот доход, заради обезбедување средства на Општинската СИЗ на физичката култура и за здружување средства во Републичката СИЗ на физичката култура.

Член 2

Во 1983 година, се утврдуваат стапки на придонеси и тоа:

1. 0,24% — придонес од доходот на основните организации на здружениот труд;
2. 0,25% — придонес од личен доход од работен однос;
3. 0,015% — придонес од личниот доход од земјоделска дејност;
4. 1% — придонес од личен доход од самостојно вршење на стопанска дејност;
5. 1% — придонес од личен доход од самостојно вршење на нестопанска дејност.

Член 3

Од основот утврден во член 1 од оваа одлука Општинската СИЗ на физичката култура Крива Паланка здружува средства во Републичката СИЗ на физичката култура со издвојување на:

1. 0,04% од доходот на основните организации на здружен труд во општината и
2. 0,05% од личен доход од работен однос од нестопанство.

Вкупниот износ на средствата што Општинската СИЗ на физичката култура — Крива Паланка ги здружува во Републичката СИЗ на физичката култура — Скопје и месечниот износ на средствата ќе се утврдат со посебен договор.

Член 4

Пресметувањето и уплатата на здружените средства ќе ги врши Службата на општественото книговодство.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1. I. 1983 година.

Бр. 08-103
23 декември 1982 година
Крива Паланка

Претседател,
**Благој Митовски,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ВРАБОТУВАЊЕТО — РАДОВИШ

**14.**

Врз основа на член 58 од Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност („Службен весник на СРМ" бр. 13/78), Собранието на Заедницата на вработувањето — Радовиш, на седницата одржана на 23. XII. 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ВРАБОТУВАЊЕ ЗА 1983 ГОДИНА

Член 1

Придонесот за вработување се пресметува и се плаќа:

— за работниците во основната организација и за работниците вработени кај работодавецот, личниот доход на работниците, во кој се содржани придонесите и даноците што се плаќаат од личниот доход (бруто личен доход), по стапка од 0,70%;

— за работодавецот — основицата според која плаќа данок од личен доход, по стапка од 0,70%;

— за работодавецот кој данокот го плаќа во годишен паушален износ придонесот за вработување изнесува 15% од годишниот износ на данокот.

Член 2

Одлуката ќе се применува во 1983 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со нејзиното донесување, а ќе се применува од 1 јануари 1983 година.

Бр. 02-718/4-6
23 декември 1982 година
Радовиш

Претседател,
**Димитраќи Ѓорѓиев,** с. р.

ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ТИТОВ ВЕЛЕС

**15.**

Врз основа на член 55 од Законот за општествена заштита на децата („Службен весник на СРМ" бр. 6/81), член 21 од Самоуправната спогодба за основање на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата, член 102 од Статутот на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Титов Велес, член 14 од Самоуправната спогодба за финансирање на основите на Планот на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата за периодот 1981—1985 година, Собранието на Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Титов Велес, на седницата одржана на 22 декември 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ПРЕСМЕТКОВНА СТАПКА ЗА ЗДРУЖУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО ОПШТИНСКАТА САМОУПРАВНА ИНТЕРЕСНА ЗАЕДНИЦА ЗА ОПШТЕСТВЕНА ЗАШТИТА НА ДЕЦАТА — ТИТОВ ВЕЛЕС ЗА 1983 ГОДИНА

Член 1

Пресметковната стапка за здружување на средства во Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Титов Велес за 1983 година се утврдува на бруто личен доход од работен однос во:

1. стопанство 2,03%,
2. нестопанство 2,08%,
3. самостојно вршење на стопанска дејност 0,45%,
4. земјоделска дејност 0,20%,
5. самостојно вршење на нестопанска дејност 0,45%.

Член 2

Средствата од пресметковната стапка за општествена заштита на децата се распоредуваат со посебна одлука на Собранието на Заедницата и тоа врз основа на утврдените облици, обемот, мерилата и критериумите со програмата за развој на детската заштита и со финансискиот план за 1983 година.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, ќе се објави во „Службен гласник на Собранието на општината Титов Велес" и во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1983 година.

Бр. 02-204/1
22 декември 1982 година
Титов Велес

Претседател,
Проф. **Иван Кичуков,** с. р.

ЗАЕДНИЦА НА ЗДРАВСТВОТО И ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ — ТИТОВ ВЕЛЕС

**16.**

Врз основа на член 205 точка 6 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Титов Велес, Соборот на делегатите корисници на услуги — работници и Соборот на делегатите даватели на услугите, на седницата на Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Титов Велес, одржана на 23. XII. 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РАБОТНИЦИТЕ ЗА 1983 ГОДИНА

I

Стапката на придонесот за здравствено осигурување на работниците се утврдува во висина од 7,70% од бруто личниот доход во кој се содржани:

— стапката на придонесот за обезбедување на задолжителни видови на здравствената заштита од 3,30% и

— стапката на придонесот за обезбедување на правата од здравственото осигурување што самостојно ги утврдува Заедницата од 4,40%.

II

За обврзниците на придонесот за здравството и здравственото осигурување од членот 24 точка 3, 5 и 7 од Законот за самоуправните интересни заедници на здравството и здравственото осигурување за кои е определена во нето лични примања, стапката на придонесот за здравството и здравственото осигурување се утврдува во висина од 12,8% од нето основицата во која се содржани:

— стапката на придонесот за обезбедување на задолжителните видови на здравствена заштита од 5,8% и

— стапката на придонесот за обезбедување на правата од здравството и здравственото осигурување што самостојно ги утврдува Заедницата од 7,0%.

III

Стапката на придонесот за здравственото осигурување во случај несреќа на работа и заболување од професионални болести се утврдува во висина од 0,30% од определената основица.

Основицата за пресметување на придонесот од претходниот став претставува:

1. за организациите на здружен труд од областа на стопанството, како и основните организации на здружен труд регистрирани како установи, кои во Номенклатурата за распоредување на стопанските и други организации и државните органи по дејности се распоредени во областите од 1 до 8 — остварениот доход намален за пресметаните и договорни обврски, освен данокот на доход;

2. за другите самоуправни организации и заедници, државни органи, општествено-политички организации и здруженија и други работни заедници што не се организирани како организации на здружен труд кои во своето работење не остваруваат доход, а кои се регистрирани во областите 9 и 0 од Номенклатурата за распоредување на стопанските и другите организации и државните органи по дејности, бруто личниот доход на вработените.

IV

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1983 година.

Број 0212-374
23 декември 1982 година
Титов Велес

Претседател,
**Борислав Алчев,** с. р.

**17.**

Врз основа на член 172 и 204 од Статутот на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Титов Велес, Соборот на делегатите корисници на услугите — земјоделци и Соборот на делегати даватели на услуги, на седницата на Собранието на Општинската заедница на здравството и здравственото осигурување — Титов Велес, одржана на 23. XII. 1982 година, донесе

## ОДЛУКА
### ЗА УТВРДУВАЊЕ ВИСИНАТА НА СТАПКАТА И ТАРИФАТА НА ПРИДОНЕСОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНОТО ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛЦИТЕ ЗА 1983 ГОДИНА

I

Придонесот за здравственото осигурување на земјоделските осигуреници за 1983 година ќе се пресметува и наплатува:

1. На осигурениците земјоделци кои имаат сопствена земја (катастарски приход):

а) по стапка од 7% на катастарскиот приход од кои:

— за задолжителни видови на здравствена заштита — 4,0%,

— за здравствена заштита која самостојно ја утврдува Заедницата, — 3,0%;

2. На осигурениците — земјоделци кои немаат сопствена земја, а се занимаваат со земјоделска дејност:

а) по 200,00 динари од домаќинство од кои

— за задолжителни видови на здравствена заштита 120,00 динари,

— за здравствена заштита која самостојно ја утврдува Заедницата — 80,00 динари.

II

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден по објавувањето во „Службен весник на СРМ", а ќе се применува од 1 јануари 1983 година.

Број 0212-374
23 декември 1982 година
Титов Велес

Претседател,
**Борислав Алчев,** с. р.

---

# КОНКУРСИ

РО „РАДЕ КОНЧАР—АПАРАТНА ТЕХНИКА" — Скопје, врз основа на член 4 од Правилникот за начинот и постапката за отстапување на изградбата на инвестициони објекти

распишува
**КОНКУРС**

за подобност на изведувачите и собирање понуди за изведување на градежните и градежно-занаетчиските работи во комплексот на РО „Раде Кончар—Апаратна техника" — Скопје

Предмет на конкурсот се следните објекти:

1. Изградба на хала за варна техника со вкупна површина од 3.000 $м^2$ (II фаза);

2. Изградба на хала за алатница со површина од 3.040 $м^2$;

3. Изградба на објект за монтажа на нисконапонски апарати со површина од 2.400 $м^2$;

4. Изградба на надворешни објекти: водовод, надворешна канализација, внатрешни патишта, надворешно осветлување и кабелски развод, систем за прочистување на отпадни води, енергетски објекти, ограда на комплексот со портирница и

5. Реконструкција на постојни објекти со вкупна површина од 8.200 $м^2$.

Инвестиционата вредност на напред наведените работи е сса 250.000.000 динари.

Рокот на извршување на работите е максимум 10 месеци.

Со писмената пријава понудувачот треба да достави:

— назив и точна адреса на организацијата,

— препис од регистрацијата,

— податоци за стручните кадри и механизацијата,

— изводи од завршната сметка за 1981 година и периодичната пресметка за првите 9 месеци од 1982 година,

— список на коопераните кои ќе учествуваат во градбата,

— задолжително обезбедување на кредит од најмалку 95.000.000 дин. со максимално можен рок на отплата, но не покус од 3 години и најповолна можна камата на кредитот.

Рок за доставување на писмените пријави за подобност е 15 дена од денот на објавувањето.

Најподобните понудувачи ќе бидат избрани во рок од 10 дена од денот на одржаниот конкурс.

За поблиски известувања заинтересираните можат да се информираат во „Раде Кончар—Апаратна техника" — Скопје, Сектор за инвестиции, од 6,30 — 9 часот секој ден на телефон 221-454. (16)

---

Работничкиот совет на Специјалната болница за ортопедија, трауматологија и косно-зглобна туберкулоза — Охрид,

распишува
**КОНКУРС**

за избор на еден началник на болничко одделение

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните услови:

1. да имаат завршено Медицински факултет и положен специјалистички испит по ортопедија;

2. работно искуство над една година по специјализација;

3. морално-политички квалитети.

Со пријавите кандидатите треба да достават уверение за завршена специјализација по ортопедија и потврда од ОЗТ за работното искуство. Некомплетираните пријави со потребните документи нема да бидат земени во разгледување.

Конкурсот трае 15 дена, сметано од денот на објавувањето.

Пријавите да се доставуваат препорачано преку пошта и лично на адреса: Специјална болница за ортопедија, трауматологија и косно-зглобна туберкулоза — Охрид — Конкурсна комисија. (494)

---

Работничкиот совет на ООЗТ „КРЗНО", с. Бигла — Делчево,

распишува
**КОНКУРС**

I. За избор и пополнување на упразнетото работно место шеф на сметководството и

II. Реизбор на секретар на ООЗТ.

Услови: Кандидатите треба да ги исполнуваат општите услови пропишани со законот, како и посебните услови и тоа:

— под точка I, кандидатот треба да има завршено економски факултет со една година работно искуство или виша економска школа — финансиски смер со две години работно искуство во струката;

— под точка II, кандидатот треба да има завршено правен факултет со една година работно искуство или виша управна школа со две години работно искуство во струката.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето во службеното гласило.

Молбите со соодветните документи се поднесуваат до управата на ООЗТ „Крзно" с. Бигла — Делчево.

Некомплетирани документи или неблаговремено поднесени молби нема да се разгледуваат. (495)

---

Советот на Вишата земјоделска школа — Струмица

распишува
**КОНКУРС**

за реизбор на наставник во постојанен работен однос (во звање професор) по предметот Општо поледелство.

Услови:

Кандидатите треба да ги исполнуваат условите предвидени со Законот за високото образование и со Статутот на Школата.

Пријавите се поднесуваат во Секретаријатот на Школата во рок од 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот.

Кон пријавата кандидатите треба да приложат: диплома, куса биографија, список на научните и стручните трудови и по еден примерок од трудовите. (497)

---

Врз основа на член 65 од Статутот на Работната организација „Клас“ — Дебар и одлуката на Собирот на работните луѓе од 5. I. 1983 година, конкурсната комисија

распишува

**КОНКУРС**

за пополнување на работно место индивидуален работоводен орган — директор на ОЗТ

Кандидатот за директор на ОЗТ треба да ги исполнува следните услови:

— да има висока школска подготовка — економски факултет со три години работно искуство;

— да има неоформена стручна подготовка со шест години раководно искуство во стопанството;

— да поседува морално-политички квалитети и има организаторски способности;

— во досегашната работа да покажал спремност за развојот на самоуправните односи во работата;

— да не е осудуван за кривично дело и

— да поднесе своја писмена програма за условите и начинот на извршувањето на развојниот план на ОЗТ во текот на траењето на мандатот.

Конкурсот ќе трае 15 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“. (1)

---

Советот на РО Земјоделски факултет — Скопје ООЗТ Институт за полјоделство и градинарство — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за преизбор на следните работни места:

— еден асистент по предметот Производство на тутун;

— еден асистент по предметот Општо полјоделство со агроекологија.

Кандидатот треба да ги исполнува условите пропишани со Законот за високото образование на СРМ, Законот за организирање на научните дејности на СРМ и согласно донесениот Правилник за утврдување на критериумите за пополнување на наставните, научните и стручните звања во РО Земјоделски факултет — Скопје.

Пријавите се поднесуваат до ООЗТ Институт за полјоделство и градинарство — Скопје.

Кон пријавата кандидатите треба да приложат диплома, куса биографија, список на стручни и научни трудови и по еден примерок од самите трудови.

Пријавата, кусата биографија и списокот на стручните и научните трудови се поднесуваат во 4 примероци.

Рок за пријавување е 15 дена од денот на објавувањето на конкурсот.

Некомплетираните документи нема да се земаат предвид при разгледувањето. (2)

---

Врз основа на член 33 од Статутот на Центарот за социјална работа „Илија Игески — Цветан“ — Македонски Брод, Конкурсната комисија на Центарот за социјална работа — Македонски Брод,

распишува

**КОНКУРС**

за именување директор на Центарот за социјална работа — Македонски Брод

УСЛОВИ:

Покрај општите услови предвидени во Законот за здружениот труд и Законот за работните односи кандидатот треба да ги исполнува и следните посебни услови:

— да има завршено филозофски факултет — група педагогија и психологија, правен факултет, висока школа за социјални работници и виша школа за социјални работници, со над 5 години работно искуство од кои 3 години во струката социјална работа; да се истакнува со организациони способности и да има морално-политички квалитети.

Конкурсот е отворен 15 дена од денот на објавувањето.

Некомплетираните документи нема да се земаат предвид. (5)

---

Работничкиот совет на Трговската работна организација „Моша Пијаде“ — Скопје

распишува

**КОНКУРС**

за избор — именување индивидуален работоводен орган.

Услови:

Покрај општите услови предвидени во законот, кандидатот треба да ги исполнува и следните услови:

1. да има висока школска подготовка од економски комерцијален смер;

2. да има виша или средна школска подготовка од економски смер;

3. да има 6 години работно искуство во трговијата со градежни материјали, од кои 4 години работно искуство на раководни работи во организациите на здружен труд во стопанството.

4. да има морално-политички квалитети.

Конкурсот трае 15 дена од денот на објавувањето. (8)

---

Врз основа на член 43 од Законот за судовите на здружениот труд („Службен весник на СРМ“ број 41/75), Собранието на Социјалистичка Република Македонија

ОБЈАВУВА

дека ќе врши избор на еден судија на Основниот суд на здружениот труд во Битола и еден судија на Основниот суд на здружениот труд во Штип

Кандидатите кои ги исполнуваат условите од член 36 од Законот за судовите на здружениот труд, треба да поднесат пријави до Собранието на СРМ — Комисија за прашања на изборите и именувањата во рок од 30 дена од денот на објавувањето.

Бр. 10—3197
21 декември 1982 година
Скопје

КОМИСИЈА ЗА ПРАШАЊА
НА ИЗБОРИТЕ И ИМЕНУВАЊАТА

---

Врз основа на член 95 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ број 17/79), Собранието на Социјалистичка Република Македонија

ОБЈАВУВА

дека ќе се врши избор на двајца судии на Окружниот суд во Скопје и избор (реизбор) на еден судија на Окружниот стопански суд во Скопје

Кандидатите кои ги исполнуваат условите од член 91 од Законот за редовните судови треба да

поднесат пријави до Собранието на СРМ — Комисија за прашања на изборите и именувањата, во рок од 15 дена од денот на објавувањето.

Бр. 10—98
12 јануари 1983 година
Скопје

КОМИСИЈА ЗА ПРАШАЊА
НА ИЗБОРИТЕ И ИМЕНУВАЊАТА

---

Комисијата за избори и именувања на Собранието на општина Гостивар, врз основа на член 25 од Законот за јавното правобранителство

ОБЈАВУВА

дека ќе врши избор на заменик на јавниот правобранител на општина Гостивар

Заинтересираните кандидати, покрај општите услови предвидени со Законот за здружениот труд, треба да ги исполнуваат и следните посебни услови: да се државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, дипломирани правници со положен правосуден испит и со морално-политички квалитети за вршење на оваа функција.

Пријавите со потребните документи, кандидатите да ги доставуваат до Собранието на општина Гостивар — Комисија за избори и именувања, во рок од 30 дена од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“.

Бр. 08-2872
23 декември 1982 година
Гостивар

КОМИСИЈА ЗА ИЗБОРИ И
ИМЕНУВАЊА НА СОБРАНИЕТО
НА ОПШТИНА ГОСТИВАР

---

Врз основа на член 32 од Законот за јавното обвинителство („Службен весник на СРМ“ бр. 10/76) и член 261 од Статутот на општина Гостивар, Собранието на општината Гостивар

ОБЈАВУВА

дека ќе врши реизбор на еден заменик јавен обвинител

Заинтересираните кандидати покрај општите услови предвидени во Законот за здружениот труд, треба да се дипломирани правници со положен правосуден испит, државјани на СФРЈ, како и морално-политички подобни за вршење на функцијата.

Пријавите со потребните документи кандидатите да ги достават до Собранието на општина Гостивар — Комисија за избор и именувања во рок од 15 дена, сметано од денот на објавувањето во „Службен весник на СРМ“ и дневниот весник „Нова Македонија“. (3)

---

Врз основа на член 95, а во врска со член 90 став 1 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ бр. 17/79), собранијата на општините Чаир, Гази Баба и Кисела Вода — Скопје

ОБЈАВУВААТ

дека ќе вршат избор на еден судија на Општинскиот суд Скопје II — Скопје

Заинтересираните кандидати, покрај општите услови, треба да ги исполнуваат и следните услови: да се државјани на СФРЈ, дипломирани правници со потребно искуство и стручно знаење, со положен правосуден испит и морално-политички квалитети за вршење на судската функција.

Пријавите со потребните документи кандидатите треба да ги доставуваат до Собранието на општината Чаир — Скопје — Комисија за прашања на изборите и именувањата во рок од 15 дена, сметано од денот на објавувањето на објавата. (4)

---

СООПШТЕНИЕ

Врз основа на член 95 од Законот за редовните судови („Службен весник на СРМ“ бр. 17/79 и 46/82), собранијата на општините Карпош и Центар, објавуваат дека ќе извршат избор на четворица судии на Општинскиот суд Скопје I — Скопје.

Кандидатите за избор на судии треба да ги исполнуваат следните услови:

— да се државјани на Социјалистичка Федеративна Република Југославија;

— да се дипломирани правници со потребно искуство и стручно знаење;

— да имаат положено правосуден испит и

— да имаат морално-политички квалитети за вршење на судската функција.

Заинтересираните кандидати, пријавите со потребните документи треба да ги достават до Комисијата за прашањата на изборите и именувањата на Собранието на општината Карпош во рок од 15 дена од денот на објавувањето на ова соопштение.

---

СОДРЖИНА


| | | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за користење на издвоените средства на посебна сметка за повлекување на странски кредити — — — — — — — | 1 |
| 2. | Одлука за измена на намената на средствата за посебни намени утврдени со Републичкиот буџет за 1982 година — — — | 1 |
| 3. | Одлука за компензација на цената на услугите во езерскиот сообраќај — — — | 1 |
| 4. | Одлука за изменување на Одлуката за компензација на разликата во цената на дневните информативно-политички весници за 1982 година — — — — — — — | 2 |
| 5. | Одлука за продолжување важноста на Одлуката за премија за кравјо и овчо млеко — — — — — — — — — — | 2 |
| 6. | Решение за овластување на републичкиот секретар за финансии да одобрува користење на средства од тековната буџетска резерва на Републичкиот буџет за 1983 година — — — — — — — — | 2 |
| 7. | Решение за давање согласност за именување вршител на должноста директор на Специјалната болница за белодробна туберкулоза „Јасеново“ — Јасеново — — | 2 |
| 8. | Решение за разрешување директор на Републичката управа за имотно-правни работи — — — — — — — — — — | 2 |
| 9. | Решение за именување директор на Републичката управа за имотно-правни работи — — — — — — — — — — | 2 |
| 10. | Решение за именување вршител на должноста директор на Републичкиот завод за заштита на спомениците на културата — | 3 |
| 11. | Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 118/82 од 17 ноември 1982 година — | 3 |
| 12. | Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 123/82 од 25 ноември 1982 година — | 3 |
| 13. | Одлука на Уставниот суд на Македонија, У. бр. 142/82 од 10 ноември 1982 година — | 4 |

**Општи акти на самоуправните интересни заед иц...**

ВАЛАНДОВО
1. Одлука за донесување стапки за финан-... е н... С...ната ...нте...н... з...-ница за противпожарна заштита на општината Валандово за 1983 година — — — 5
ДЕБАР
2. Одлука за ослободување од плаќање на придонес за вработување за месец декември 1982 година — — — — — — — 6
КИЧЕВО
3. Одлука за утврдување стапката на придонесот за здравствено осигурување на работниците за 1983 година — — — — — 6
4. Одлука за продолжување важноста на Одлуката за висината на стапката на придонесот за здравствено осигурување на земјоделците за 1982 година и во 1983 година 7
КРАТОВО
5. Одлука за привремена измена на стапките на придонесите за здравствено осигурување на работниците за месец декември 1982 година — — — — — — — — 7
6. Одлука за утврдување на придонесот за здравствено осигурување на работниците за 1983 година — — — — — — — — 7
7. Одлука за утврдување на стапката и износите на придонесите за здравствено осигурување на земјоделците за 1983 година 8
8. Одлука за утврдување на постојните износи на придонесите за здравствено осигурување на одделни категории лица — 8
9. Одлука за утврдување на основицата за пресметувањето и плаќањето на придонесот за здравствено осигурување на лица вработени кај приватни работодавци — — 9
10. Одлука за учество на осигурените лица во трошоците при користење на здравствената заштита — — — — — — — 9
11. Одлука за висината на придонесот за здравствено осигурување на членовите на семејствата на југословенските државјани вработени во странски земји со кои не се склучени спогодби за здравствено осигурување — — — — — — — — — 10
КРИВА ПАЛАНКА
12. Одлука за утврдување стапките на придонесите на Општинската самоуправна интересна заедница на културата и за здружување средства во Републичката СИЗ на културата во 1983 година — — — — — 10
13. Одлука за утврдување стапките на придонесите на Општинската СИЗ на физичката култура и за здружување средства во Републичката СИЗ на физичката култура во 1983 година — — — — — — 11
РАДОВИШ
14. Одлука за определување стапката на придонесот за вработување за 1983 година — 11
ТИТОВ ВЕЛЕС
15. Одлука за утврдување на пресметковна стапка за здружување на средства во Општинската самоуправна интересна заедница за општествена заштита на децата — Титов Велес за 1983 година — — — — — 12
16. Одлука за утврдување висината на стапката на придонесот за здравствено осигурување на работниците за 1983 година — 12
17. Одлука за утврдување висината на стапката и тарифата на придонесот за здравственото осигурување на земјоделците за 1... ...д... — — — — — — — — 12

**ИЗЛЕГОА ОД ПЕЧАТ НОВИ ИЗДАНИЈА**

**УСТАВНИОТ РАЗВИТОК**
**...Ц Ј Л... Ч... ЕП БЛ...**
**МАКЕДОНИЈА**

**Издавањето на книгата има за цел да даде можност за поблиско запознавање со општествено-политичкиот и уставниот развиток на Социјалистичка Република Македонија во изминатите близу четири децении, кои како временска дистанца за историјата претставуваат безначајно време, но за македонскиот народ и народностите што живеат со него се грандиозен историски скок, зашто тие во овој период остварија временски немерливи резултати.**

**Ова издание е прилагодено за користење од страна на оние што ги интересира предметот на книгата, било како можност за проширување и продлабочување на општите политички познавања било како пополнување на студиите по уставно право односно по општествено-политичкиот систем на Југославија.**

**Книгата ја подготвил проф. д-р Ѓорѓи Цаца, судија на Уставниот суд на Македонија.**

**Цена 245,00 дин.**

**З А К О Н**
**ЗА ОПШТАТА УПРАВНА ПОСТАПКА**

**— со објаснувања и со предметен регистар —**

**Збирката содржи: Закон за општата управна постапка и други прописи за управната постапка, како и Упатство за обрасците во управната постапка — со обрасци, со објаснувања и со предметен регистар.**

**Објаснувањата на Законот за општата управна постапка имаат за цел на сите оние кои се користат со овој закон или г... пр... ен...ва...т в... с...ој...т... р...-бота, да им се овозможи да ги сфатат одредбите на Законот и да се укаже на можностите и начинот на примената на тие одредби. Во објаснувањата се укажува и на други постојни закони и прописи чие познавање е потребно или е во врска со остварувањето на управната постапка во определена управна работа. Збирката со објаснувањата може корисно да послужи во спроведувањето на управната постапка во практиката и ќе придонесе за поефикасно работење на органите, организациите и заедниците во извршувањето на управните работи.**

**Збирката ја подготвил Васко Мисајловски, советник на Собранието на СРМ, а рецензија и предговор проф. д-р Владимир Митков.**

**Цена 230,00 динари**

**Порачки прима Службата за претплата на Службен весник на СРМ — 91000 Скопје, а уплати се в... шат на жи... о сметка 40100-603-12498.**

**Издавач: Новинско-издавачка работна организација Службен весник на СРМ — Скопје, ул. „29 Ноември“ бр. 10-а. Пошт. фах 51. Телефон 228-204. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 40100-603-12498 кај СОК — Скопје. Печати Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје**